**Бобан Карапејовски**

## РАДИОУЧЕБНИК ПО МАКЕДОНИСТИКА

(Свето Стаменов, Димитар Пандев, *За македонистиката отворено*, I книга, Општина Охрид, Охрид, 2023 г., 362 стр.)

Ретко е една бирократска институција, каква што е општината самата по себе, да биде издавач на толку многу книги и да ја демантира, на извесен начин, во најпозитивната смисла на зборот, својата улога во дефинцијата на тоа дека се работи за административно устројство. Зашто, за Охрид, макар пред овој топоним да додадеме и „општина“, некако е природно и доликува да се врзе за книгата, за писмото, за писменоста. Не можам веќе да ги избројам книгите во уредништво на Митре Велјановски и во издание на Општина Охрид, во кои како коавтор се јавува Пандев, овојпат со едно значајно ниво на македонското радионовинарство, Свето Стаменов. Меморијата ми е сѐ уште добра, но броењето е комплексно, зашто тие се веќе доволно многу за да не се бројат, аритметичките низи да станат надминати... Едно е за фалба, две можеби се за медиумите, три за публиката... но, ова е веќе посветеност што заслужува почит и длабок духовен наклон и поклон.

Историјата на јазикот (оној како систем од знаци, во општолингвистичка смисла), вели дека е мошне веројатно тој да постои онолку долго колку што постои и свесниот човек. Сепак, за жал, за таа историја немаме пишан доказ. Прајазиците, од кои претполагаме дека се развиле некои други јазици, од кои веројатно се развиле денешните, се хипотеза. Убедлива, навистина, ама хипотеза. Докажани, но до извесен степен, по кој се нижат аксиоми, кои повеќе се уверувања и убедувања (често и произволни), отколку логичко-математички пандан на вистинските аксиоматски тврдења. Изречениот збор е основата на писмото, навистина, но тој е менлив и минлив, постои само во даден миг, а човекот има некоја длабока потреба од мигот да направи вечност.

И – успеал! Историјата на писмото ни потврдува дека 5 000 години, преку писмено фиксираниот збор, поправо – мисла, сме успеале мигот да го заробиме и да успееме да го надминеме географското и трансгенерациското ограничување. Да отидеме отаде воздухот што ги шири звучните бранови и се губи во минливоста (панта реи!) и на кожа, папирус или дрво да го импрегнира за навек.

Па, така, тука имаме радиоемисии што се пренесени на хартија, збор искажан, па запишан по (и)сказ. Дигресија: првиот том на Стаменов и Пандев чекаше петолетка, повеќе или помалку, за да ѝ се приопшти на публиката.

Одликите на ова дело може да се сублимираат во три клучни искази: говорена форма на научниот стил, радиоучебник и интервју предавање.

Книгата *За македонистиката отворено* од авторите Свето Стаменов и Димитар Пандев во себе крие исклучително интересен жанр, кој во друга форма се појавувал во македонската и во светската литература. Имено, станува збор за радиоразговори, во кои авторот на емисиите *Quo vadis* и *Актуелно*, како и на саботниот *Радио спектар* на Македонското радио – Радио Скопје, Свето Стаменов, разговара на теми поврзани со македонскиот јазик, неговата историја, развојот, но и за современите состојби што се појавуваат како предизвик за македонската наука за јазикот и науката за јазикот на македонски јазик.

Познати се разговорите на Предраг Матвеевиќ со Мирослав Крлежа во јужнословенски контекст, но акцентот таму е повеќе на личните и на литерарните погледи на големиот хрватски автор. Во македонската средина *Разговорите со Конески* од Цане Андреевски претставуваат исклучително важно четиво – станува збор, практично, за раскажани мемоари од Конески. Но, сите овие претходни примери само се допираат и не се совпаѓаат сосема со начинот на изведбата на оваа книга. Во *За македонистиката отворено* – I книга станува збор за испис на говорената форма на научниот стил, односно за некаков радиоучебник, прирачник првично искажан, т. е. создаден во аудиоформа, а потоа пренесен на хартија. Важноста за популаризација на јазикот во медиумите е мошне значајна, бидејќи таа придонесува за зголемување на атрактивноста на јазикот, како најважен елемент во продлабочувањето на желбата за изучување, проучување и продлабочување на знаењата во областа на јазикознанието, пошироко, односно во областа на македонистиката, потесно.

На околу 350 страници, односно во 21 емисија, авторите разговараат за почетоците на словенската писменост; за првиот обид за кодификација на македонскиот јазик од страна на Крсте Петков Мисирков; за родоначалничката улога за македонската и за словенската литература, воопшто, на Свети Климент Охридски, користејќи го како повод јубилејот – 1100 години од упокојувањето на епископот велички; за „конечната“ кодификација, на која ѝ претходи официјализацијата како службен јазик на македонскиот, од 1944-1945 година; за Конески, најмаркантната македонистичка фигура на XX век, човек – епоха, како што имплицираше Старделов; за македонскиот јазик денес, 75 години по првиот Правопис, спроти новите закони што ја регулираат стандарднојазичната материја,

како и наспроти најновите напади од бугарска страна на македонскиот јазик, итн., итн. Всушност, овие поводи претставуваат можност за разговори меѓу авторите на теми што ги тангираат и актуелните состојби и, едновремено, претставуваат популарна верзија на исклучително длабоко мотивирани и проучувани теми за дијахронијата и за синхронијата на македонскиот јазик. А, секоја историја, па и на јазикот, потврдува дека – што било некогаш, ќе биде пак; што е денес – утре веќе ќе биде вчера, но ќе ни се повтори, ние одлучуваме – дали со знаења и како успех или како гротеска.

Преточувањето во печатена варијанта на овие радиоемисии ќе помогне во зачувување од заборавот на исклучително инспиративните разговори на авторите, кои им биле достапни само на слушателите на програмите на Македонското радио – Радио Скопје. На овој начин таа публика ќе стане многу поширока, содржините подостапни, па така и ефектот од суштината и од поучителноста – поголем.

По неколку години од првичната идеја за издавањето на овие разговори, македонската македонистика и македонската јавност сигурен сум дека ќе се радува што конечно оваа книга се печати, со помошта на Општина Охрид, особено читајќи ги разговорите на Стаменов и Пандев и промислувајќи ги идеите што се допрени, начнати, споделени, образложени и елаборирани во радиоемисиите, а сега и на страниците на оваа книга.

Со нетрпение ја очекуваме втората книга на *За македонистиката отворено.*